# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Службен весник на РМ, бр. 83 од 03.07.2009 година**

**Член 1**

Во Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/2008, 103/2008 и 26/2009), во членот 2 став 1 точка 22 зборовите: „(воена академија и други)" се бришат.

**Член 2**

По членот 2 се додава нов член 2-а, кој гласи:

„Член 2-а

Овој закон соодветно се применува и за воена академија, доколку со друг закон поинаку не е определено."

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".